ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 13.02.2012 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

Присутни : Градоначалник **Арсенчо Алексовски**, Раководител на Одделение за правни и општи работи **Јаготка Николовска** Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски**, Раководител на одделение за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот **Татјана Ѓоргиевска** Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Александар Ангелов,** Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Добривој Николовски** Раководител на одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски,** Советник **Никола Граматиков** и Советник **Игор Додевски**.

**Дневен ред :**

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

## ЗАКЛУЧОЦИ

**Одделение за правни и општи работи, Одделение за човечки ресурси**:

Да се закаже седница на Советот на Општина Крива Паланка за 27.02.2012 година и да се започне со прибирање на матријали како точки на дневен ред. Јаготка Николовска и Биљана Тасевска 13.2.2012

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Да се проучат измените на законот за бесправно изградени објекти. Добривој Николовски 13.02.2012

Комисијата за именување на улици, мостови и други инфраструктурни да се свика за во текот на неделата да се одржи состанок. Добривој Николовски 13.02.2012

**Одделение за инспекциски надзор**

Да продоложи со известувањата на сопствениците на деловни простори за чистење на снегот пред истите . Бранко Велиновски 13.02.2012

**Одделение за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот**

Да се даде објаснување и напатствија за подготвување на пишани процедури за работа на одделенијата. Татјана Ѓеоргиевска 13.02.2012

За седницата на Советот на општина Крива Планка да се подготви точка за задолжување на општина Крива Паланка пред Светската Банка Татјана Ѓеоргиевска 13.02.2012

Да се подготви завршна сметка за општината и ЈП Калин Камен за останатите да се контактира и да се соберати да се предвидат како точки на дневен ред на седница на Советот . Татјана Ѓеоргиевска 13.2.2012

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Како резултат на посетата на Министерот за образование да се контактира со директорот на ОУ Илинден за училиштето во с.Конопница во врска со решавање на затоплувањето, Во Илинден централно да се види за завршување на фасадирањето од внатрешната страна и за санитарните јазли, со Директорот на ОУДом Боро Менков да се види за затоплувањето, со Директорот на Градинката за реконструкција на кровот и проект за енергетска ефикасност. Душко Арсовски 13.2.2012

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Во кординација со Дирекцијата за заштита и спасување да се види за чистење на патиштата од снег и да се направи овластување за назначување на лице кое води ќе евиденција. Александар Ангелов 13.02.2012

Поради новите врнежи на снег кои ја зафатија и општината да се преземат активности и да се подготви и испрати нов допис до кризниот штаб на Републичко ниво со барање за помош во расчистувањето. Александар Ангелов 13.02.2012

Позади школото Партизан на излезот кон надворешното игралиште да се види за уредување на степениците за влез во салата. Александар Ангелов во координација со Душко Арсовски 13.02.2012

Во врска со Проектите со кои ќе се аплицира да се закаже состанок и да се отиде во Скопје за координација и разјаснувања на прашања. Никола Граматиков, Добривој Николовски 14.02.2012

Да се подготви одлука за Седница на Советот на општина Крива Паланка за определување на приоритетни патни правци . Александар Ангелов 13.2.2012

**ЈП КОМУНАЛЕЦ**

Да се оствари контакт со Адинг и да се подигне матријал. Цане Николовски 06.02.2012

Да се даде известување за постапката за вадење на водостопанска дозвола и да се започне со објава на тендерска постапка за проектот минихидроцентрали. Цане Николовски 06.02.2012

Изготвил И. Додевски　　　　　　　　　　Крива Паланка 13.02.2012

| | | | |
|---|---|---|---|
| Душко Арсовски | ________________ | Јаготка Николовска | ________________ |
| Александар Ангелов | ________________ | Татјана Ѓоргиевска | ________________ |
| Добривој Николовски | ________________ | Цане Николовски | ________________ |
| Бранко Велиновски | ________________ | | |